КАРПОШ

НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
30 јануари - 5 февруари 2023 Билтен бр. 511

ОПШТИНА КАРПОШ И АМЕРИКАНСКАТА АМБАСАДА ГО ОДБЕЛЕЖАА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН ЗА СЕЌАВАЊЕ НА ХОЛОКАУСТОТ

Со организирање на заедничка еколошка акција, Општина Карпош и Американската амбасада, денеска го одбележаа Меѓународниот ден за сеќавање на холокаустот, 27-ми јануари. Во рамки на овој настан, присуствуваа и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, Амбасадорката на Американската амбасада во Скопје, Ангела Агелер и заменик шефот на мисијата, Ерик Маер

Имено, вработените од локалната самоуправа задолжени за одржување на јавната чистота, заедно со вработените од Американската амбасада, одржаа акција за чистење на плоштадот во населбата Бардовци. Во оваа пригода, беа отстранети и недолични графити од ѕидовите со антисемитска содржина.

ГРАЃАНИТЕ НА КАРПОШ ГО ОДБЕЛЕЖУВААТ СВ. АТАНАСИЈ ВЕЛИКИ

Во чест на големиот светец Атанасиј Велики, денеска, карпошани го одбележаа големиот празник со богата трпеза. На овој голем ден, жителите на населбата Злокуќани, го чествуваат христијанскиот празник со посебна црковна церемонија и поставување на традиционална трпеза. На манифестацијата присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој во оваа пригода им го честита верскиот празник и им посака добро здравје среќа и успех на сите граѓани. Овој верски празник го чествуваат и жителите од населбите Влае и Жданец.

ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНКЕТА ПО ПРЕДЛОГ – ДУП Ј03.04

ОПШТИНА КАРПОШ

По претходно објавен Јавен повик, Општина Карпош организира повторна Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за блок Ј03.04, дел од Градска четврт Ј03, за плански период 2018-2023 година, која ќе се одржи од 3 -13 февруари секој работен ден, од 7:30 часот наутро до 15:30 часот попладне во просториите на УЗ Пецо Божиновски Кочо.

Повторната Јавна презентација пак, ќе се одржи на 8. февруари со почеток во 14:00 часот во просториите на УЗ Пецо Божиновски Кочо. Во оваа пригода ја информираме јавноста дека повторната јавна презентација за јавните претпријатија по гореспоненатиот Предлог – ДУП, ќе се одржи во просториите на Општина Карпош на 8. февруари, со почеток во 14:00 часот.

Границата на планскиот опфат на Предлог ДУП-от е дефинирана со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година и Урбанистички план за Градска четврт Ј03, со следниве граници:

На Север по оската на ул. „Козле“
На Запад по оската на пат „Горно Нерези“
На Југозапад по оската на Јужната обиколница
На Југ по оската на ул. „Теодосиј Синаитски“ и
На Исток по оската на ул. „Нерешка“.

Анкетните листови за учество на повторната Јавна анкета ќе бидат поставени во просториите на урбаната заедница Пецо Божиновски – Кочо, а соопштенијата за организирање на повторна Јавна презентација и Јавна анкета заедно со подетални информации за споменатиот ДУП, се објавени на официјалната веб страница на Општина Карпош www.karpos.gov.mk.

Оттука, во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

КАРПОШ МУ ОДДАДЕ ПОЧИТ НА ВЕЛИКАНОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Тричлена делегација од Општина Карпош предводена од Секретарот на локалната самоуправа, Неделчо Крстевски, денеска му оддаде почит на националниот херој Гоце Делчев, положувајќи свежо цвеќе пред неговото вечно почивалиште во црквата „Св. Спас“ во Скопје. Пред ликот на Делчев се поклонија и бројни делегации, составени од претставници од политичкиот, дипломатскиот и културниот свет, на тој начин одбележувајќи ја 151. годишнината од раѓањето на македонскиот револуционерен големец.

Гоце Делчев е роден на 4 февруари 1872 година во Кукуш и за нашиот народ претставува своевиден визионер, бидејќи се јавува како еден од најактивните организатори на национално – ослободителното движење од крајот на 19. и почетокот на 20. век. Тој е исто така и идеолог, учител и најзначаен раководител на Македонската револуционерна организација.